Јавната установа за деца - Детска градинка „Детска Радост“

Општина Гази Баба – Скопје ул. „Бапчор“ бр. 2, Скопје. тел.: +389 2 3173 633

Записник Бр. 16

Управниот одбор на ЈУДГ „Детска Радост“ – Општина „Гази Баба“ – Скопје на 10.04.2023 во 10.15 часот ја одржа 16-та седница по ред во просториите на градинката, објект Мимоза.

Присутни членови на седницата: Елена Мисајловска, Ирена Тричковска, Марија Бошковска, Александра Ѓеорѓиевска Миќуновиќ и Марија Лефковска .

1. На седницата присутни се и: Директор Анета Петровска, записничар – Елена Стојановска, претставници од МТСП, Љубица Панова и Драгица Митревска и адвокат Златка Денковска. На седницата беше предложен следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Усвојување на записник број 15 од седница одржана на 07.04.2023 год.

2.Ислушување на директор и давање мислење од страна на претставник од Министерство за труд и социјална политика

3.Разно

Седницата ја отвори претседателот Елена Мисајловска и го прочита дневниот ред. Сите присутни членови се согласуваат со истиот.

**Прва точка**

Збор зема претседателот на У.О Елена Мисајловска која праша дали некој има забелешки во врска со записникот. Откако никој немаше забелешки претседателот записникот го стави на гласање и беше усвоен со 5 гласа ЗА ( Елена Мисајловска, Ирена Тричковска, Марија Бошковска, Александра Ѓеорѓиевска Миќуновиќ и Марија Лефковска).

**Прилог:** Записник бр.15

**Втора точка**

Адвокатот до У.О и претставниците од МТСП достави дополнување на Произнесување на директор по Барање на мислење од страна на членовите на У.О . Посочи дека наводите на Т.П Чулева се препишани од ревизијата на Добри Петров и дека во оригинал извештаите и фактурата и се вратени со допис на Т.П Чулева. Во договорот кој бил склучен од в.д директор Маринела Бошева наведено било дека фактурата за извршена ревизија ќе биде исплатена од конто 425 – консултантски услуги, а ревизијата не може да се исплати од тоа конто, бидејќи истото не се содржи во сметководствениот план на буџетските корисници.

Драгица Митревска постави прашање кој е предмет на разрешување, што прифатиле членовите на У.О по изнесувањето на директорот и праша дали ревизијата на Добри Петров е предмет на разгледување? Претседателот на У.О одговори дека предмет на разгледување е Т.П Чулева.

Љубица Панова смета дека сите документи кои се поврзани со оваа точка треба да бидат дадени на увид, на кое Ирена Тричковска кажа дека ова е друга ревизија.

Адвокатот посочи дека на У.О предмет им е Т.П Чулева.

Драгица Митревска посочи дека би било убаво и тие да присуствувале на седницата на 07.04.2023 година кога имало ислушување на директорот за да знаат за што се работи и која ќе биде причината поради која ќе бара У.О од градоначалникот да биде разрешена директорката.

Љубица Панова постави прашање дали сите документи кои се испратени до нив како претставници се заверени. Елена Мисајловска одговори дека првата покана до МТСП била заверена на едношалтерскиот систем во општината, а другата покана била пратена на меил во саботата, поради испочитување на рокот. Директорката тука посочи дека сите документи кои се праќаат од страна на У.О треба да бидат заверени во градинката, како што било и пракса кога била Нада Спанџевска претседател на У.О, затоа што тие се У.О на установата и во иднина сите документи кои би ги праќале на други лица треба да бидат заверени во архивата на установата.

Адвокатот посочи дека Т.П Чулева неможе да се врши ревизија на буџетски корисници. После извршената ревизија на Добри Петров адвокатот се обратил до Министерство за финансии за да се направи ad hoc ревизија на неговата ревизија и притоа не ја известиле директорката за извршената супервизија. Ако се гледале двете ревизиии на Добри Петров и Т.П Чулева се доаѓа до заклучок дека Т.П Чулева ги препишала наодите од ревизијата на Добри Петров. Кога се дава извештај од ревизија, требало точно да се прикаже која е вистинската состојба со докази,а не паушално.

Во врска со првата точка од Барање на мислење до директор од У.О адвокатот посочи:

- ***Погрешно прикажување на состојбата на побарувањата на 31.12.2021 година, односно прикажани се побарувања за кои не се спровело уредна постапка за наплата на истите и согласно укажувањето е ризк за нивно ненаплаќање и нерално прикажување на состојбата на градинката***

Адвокатот за оваа потточка постави прашање до претседателот на У.О што е погрешно претставено? Претседателот зема збор и посочи дека станува збор за платени и неплатени сметки, на кое адвокатот посочи дека се гледаат само платените сметки. Драгица Митревска зема збор и кажа дека се додека не се плати, не се внесува во систем фактурата, а го потврди Љубица Панова. Адвокатот кажа дека тие што се платиле во 2021 година, тие влегуваат во 2021 година, а останатите кога ќе се платат во таа година во која се платени. Драгица Митревска праша кој го води внесувањето на фактурите. Елена Стојановска кажа дека таа ги води, но за таа година не може да се изјаснува бидејќи користела породилно отсусутво. Драгица Митревска посочи дека во нивното Мислење кои го дале во 2022 година пишува за сите фактури за слободни набавки и тие податоци ги има во државен завод за ревизија и таму се евидентираат. Претседателот побара да биде повика Оливера сметководителката да потврди. Директорката кажа дека фактурите кога пристигнуваат се примаат и се носат кај Оливера која потоа ги собира и месечно се плаќаат, а од слободни набавки Оливера прави копии и истите ги чува во посебен класер. Сметководителката зема збор на состанокот и објасни дека фактурите за храна се собираат и се плаќаат месечно, а другите фактури се плаќаат во зависност како стигаат во месецот. Љубица Панова постави прашање како претходно се внесувале фактурите од слободни набавки, на кое Оливера одговори дека фактурите прво стигале, се заверувале и потоа и се давале на неа и незнае таа како се внесувани во систем и нагласи дека во 2022 година, после седницата на У.О кога се разгледувале сите класери, таа прави копии и ги чува во посебен класер. Претседателот праша дали фактури од 2021 година тенденциозно се оставани за плаќање во 2022 година? Оливера М. посочи дека во 2021 година извршени и исплатени фактури се околу 650.000 денари, а останати пренесени фактури за во 2022 година се околу 160.000 денари без ДДВ. Директорката посочи дека буџетот на градинката не претрпел штета и праша зошто тие 160.000 денари им се спорни на У.О? Претседателот одговори дека претпоставуваат дека тенденциозно тие 160.000 денари се пренесени во 2022 година и додаде тие да се вратат во 2021 година, на што Љубица Панова и посочи дека на тој начин може да одговараат пред суд. Директорката образложи дека некои од фактурите се стигнати подоцна, зошто би претставувало проблем кога се платени, затоа што никој не реагирал до сега за неплатени фактури. Фактурите се плаќаат редовно и не се должи на никого. Адвокатот побара документи за што се товари директорката и ако имаат таква информација може кривично да ја пријават и треба реално да кажат и да поткрепат со докази, а не одоколу. Меѓутоа доколку кривично ја пријават директорката, а пријавата не е издржана со кривичните наоди, тогаш тие кривично ќе одговараат.

Директорот зема збор и почна со образложување на **првата точка**

***- Погрешно прикажување на состојбата на побарувањата на 31.12.2021 година, односно прикажани се побарувања за кои не се спровело уредна постапка за наплата на истите и согласно укажувањето е ризк за нивно ненаплаќање и нерално прикажување на состојбата на градинката.***

Таа посочи дека не го оштетила Буџетот на градинката, фактурите се уредно платени и не прекршила никаков закон и точката им е неоснована. Претставниците на МТСП и членовите на У.О ги разгледувале сите фактури на седница на У.О која траела 9 часа минатата година. Посочи дека Добри Петров и Т.П Чулева во извештаите требало да ги приложат сите документи кои ги навеле и дека У.О нема основ за нејзино разрешување. Адвокатот се обрати со директорката и ја праша дали Т.П Чулева доставила нацрт – извештај до неа за таа во рок од 10 дена може да даде забелешки и за истото да се произнесе? Директорката одговори дека ниту Добри Петров ниту Т.П Чулева до неа не доставиле.

Драгица Митревска праша што се случило со Маринела Бошева и бара на увид одлука за разрешување и одлука за именување на Анета Петровска. Драгица Митревска констатира дека градоначалникот откако добил Укажување од МТСП, ја разрешил в.д директорката Маринела Бошева после 2-3 недели од нејзиното назначување и носи нова Одлука за престанување на важење на одлуката за разрешување на директор и повторно се назначува Анета Петровска.

Адвокатот посочи дека кога се врши ревизија на нечие работење и таа личност повеќе да не е на функција, бидејќи станува збор за период кога била одговорно лице, нацрт извештај треба да се достави до таа личност, а Љубица Панова посочи дека задолжително извештајот се доставува до лицето кое тогаш било одговорно, така стои и во законот. Директорката кажа дека Т.П Чулева не сакала воопшто ни да ја сослуша и дека за исти работи ја обвинуваат и Добри Петров и Т.П Чулева.

Директорот образложува за втора потточка од Барање на мислење

***- Потрошени се финансиски средства за угостителски услуги во износ од 43.157 денари и согласно направениот увид од страна на ревизијата истите се направени после работно време на градинката и во истите постојат ставки дека е порачано храна во износ од 7.450 денари за храна за носење – храна за лични потреби;***

Оваа потточка исто така е неиздржана бидејќи наодот е невистинит, истата била дел од ревизијата на Добри Петров и е содржана во Супервизијата на Министерство за финансии со следното образложение:

| Недостатоци по наоди | Недостатоци по препораки |
|---|---|

| | |
|---|---|
| Не е наведен критериумот<br>Не е дефинирана причината | Не е наведено кој е одговорен за спроведување на препораката |

Директорот образложува за трета потточка од Барање на мислење

- ***Согласно извршениот увид во направените набавки за тави, туш батерии и иноксни тави со капак во износ од 101.303 денари и набавка на видео опрема и обезбедување во износ од 80.473 денари. И во двата наврати согласно наведеност е прекршен член 40 од Законот за јавни набавки, кој преставува вршење на набавки без да се спроведеат соодветни постапки и истото може да преставува и злоупотреба на службената должност на одговорното лице на установата;***

Истите наоди се присутни и во ревизијата на Добри Петров, што значи препишани. Упати прашање до членовите на У.О до кога ќе ги мешаат контата за да прикажат дека прекршила закон. Набавката на тави и иноксни тави се набавени од конто – ситен инвентар, туш батерии од конто одржување на згради, а набавката на опрема за обезбедување од конто – видео опрема. Во извештајот за супервизија на Министерство за финансии за овие наоди се утврдени недостатоци во структурата на ревизорските наоди и препораки за овој наод стои:

| Недостатоци по наоди | Недостатоци по препораки |
|---|---|
| Нема критериум за наодот<br>Не е јасно опишан наодот<br>Не е наведена причината за констатираната сосотојба<br>Нема ефект ( последица)<br>Нема доволно докази кои го поткрепуваат наодот<br>Нема заклучок | Препораката е премногу општа и генерална и не дава конкретни насоки, прецизно што да се преземе за надминување на констатираната состојба. Препораката не е јасна и остварлива, двосмислена е и не упатува кој е одговорен за спроведување на истата. |

| Недостатоци по наоди | Недостатоци по препораки |
|---|---|
| Не е јасно опишан наодот<br>Нема јасно утврден критериумот за наодот | Препораката не е јасна, двосмислена е, насоката е општа, не се предвидени конкретни активности за надминување на утврдената слабост и неповторување на |

| | |
|---|---|
| Не е наведена причината за констатираната сосотојба<br><br>Нема ефект ( последица)<br><br>Нема доволно докази кои го поткрепуваат наодот | слабоста во иднина. |

Директорот зема збор за четвртата потточка :

- ***Направено е дополнително прекршување на член 40 став 6 од Законот за јавни набавки, односно направено е надминување на годишниот законски дозволен максимум на јавни набавки без обврска за објавување на оглас до 12 000 евра во денарска противвредност. Надмимувањето е во износ од 71.397 денари;***

Директорката појасни дека членовите на У.О ја теретат дека повторно ги надминала тие 12.000 евра во делот на слободни набавки и тоа што е констатирано не е точно, таа не направила оштетување на буџетот на градинката. Постави прашање до претседателот на У.О како дошле до овој наод и каде им се доказите. Затоа што кога обвинуваат некого истото треба да го поткепат со докази. Се случувало за одредени фактури да нема доволно финансиски средства и дел од фактура да се плати во 2021, а дел во 2022 година. Според неа нема ништо спорно во тоа затоа што не е прекршен ниеден закон, а подмирени се обврските кон добавувачите. Во врска со јавните набавки, ревизиите на Добри Петров и Т.П Чулева тенденциозно ја наведувале дека е пречекорена сумата од 12.000 евра без ДДВ, но не наведуваат со докази за да не се открие дека не е пречекорено. Тенденциозно е обвинувањето бидејќи фактурите си стојат во класери, а за 2021 година има 12/13 класери и тоа е огромен број на документи кои треба да се проверат и во тој случај најлесно е да се обвини некој, во случајот директорката дека го има надминато прагот од 12.000 евра според Законот за јавни набавки во делот на слободни јавни набавки. Доколку тие ги навеле доказите т.е фактурите со кои сметаат дека има пречекорување ќе можело да се види како се плаќале, од кое конто и дали лимитот од 1000 евра по конто е надминат и не можат неосновано да ја обвинуваат и да бараат престанок на нејзината функција.

Директорот зема збор и започна со образложување на петта потточка од Барање на мислење

- ***Во следните две точки од извештајот констатирани се забелешки во интерните процедури прекршени од страна на Директорот на градинката, првото прекршување се однсува на користење на***

***службеното возило за приватни цели и второто прекршување се однесува на неевидентирање од страна на директорката на градинката во Книгата за евидентирање на влез и излез од работа на вработените во Градинката во 2021 година ниту во целиот период откако е именувана за директор во градинката.***

Директорката продолжи со образложување и праша за какви интерни процедури прашуваат, за што не доби одговор од членовите на У.О. Во врска со нејзиното евидентирање за влез и излез од градинката, кога ниту еден директор на градинка во државата не се евидентира кога доаѓа и си заминува, освен ако има електронски систем за евидентирање со картичка. Во однос на службеното возило истото си поседува уреден налог и точно во налогот се наведува каде се оди, кој оди и за која намена оди.

Директорот зема збор и започна со образложување на шеста потточка од Барање на мислење

- ***Набавен е мебел од страна на директорката на градинката во износ од 69.266 денари и за истото е доставена профактура на 26.05.2021 година. Оваа ставка не била утврдена во Годишниот финансиски план, односно извршено е дополнување на овие средства во истиот по завршување набавката.***

Директорката појасни дека во градинката по мислењето на поголем број членови на У.О односно тие што се имаат потпишано на Барањето на мислење ( Елена Мисајловска, Ирена Тричковска, Марија Бошковска и Марија Лефковска) не треба ништо да се смени во градинката и да не менува ништо директорката туку да биде како што затекнала, руинирани објекти со дотраен мебел. Се обрати на членовите на У.О дека слободно можат да појдат и да видат објектите во каква состојба се. Директорката се надоврза на минатата седница кога членовите не сакале да гласаат за промена на финансиски план за сметка 903 за вишок средства од наменски дотации од минатата година кои се заштедени. Директорката дала приоритет на тие средства да бидат наменети за промена на прозорци во објект Калинка кои се дрвени и кога е зима дува од истите и покрај тоа што се плаќа парно за објектот, во одредени простории се дозагрева со др.грејни тела. Членовите на У.О кои се мнозинство и станува збор за истите лица кои го поднеле Барањето на мислење, таа точка сметале дека треба да се гласа на некој од наредните седници. Директорката постави прашање чив интерес застапуваат, дали интересот на градинката или застапуваат некаков политички линч врз неа, затоа што не биле од иста партија со градоначалникот. Драгица Митревска посочи да не се мешаат политички партии. Директорката посочи дека и се врши притисок на овој начин од членовите на У.О кои се претставници на општината и затоа смета дека се политички и појасни дека уште во петокот (07.04.2023 година) и се бараат податоци од општината, лични податоци, што смета дека е тенденциозно но сепак сите наводи водат кон таа констатација, но за истата нема докази за да

ги обвини. Адвокатот кажа дека имаат доказ и веднаш по завршување на У.О на 07.04.2023 година во 13.44 минути и пристигнале пораки во кои се бара: име и презиме, матичен број, татково име, диплома за завршено образование, магистратура и со големи букви има напишано тие податоци да бидат доставени до понеделник до 09.00 часот. Во прилог ви доставува директорката сликите од разговорот и официјален допис кој стигнал дента на меил. Драгица Митревска се запраша како општината тие податоци ги нема, а директорката неможе да разбере за која цел им се потребни, на кое адвокатот кажува дека решението за разрешување веќе било искуцано. Елена Мисајловска праша дали ова е обвинување или смета дека таа не би знаела зошто на некој му се потребни тие податоци. Адвокатот смета дека е коинциденција и се случува точно после седницата на У.О, на кое Елена Мисајловска вика дека не би знаела. Директорката кажа дека тоа е нивна констатација со претпоставка и затоа што немаат доказ неможат да бидат сигурни.

Се продолжува со образложување на потттિочката

Директорката кажа дека мебелот кој таа го обновила и кој се уште стои во градинката, дел не е во функција, дел е распореден во објекти каде што има потреба и се надоврза дека ја теретат дека побарала про-фактура од фирма за да купат мебел на слободна набавка, мебел не бил предвиден во финансискиот план и таа не пристапила веднаш да го купи, а тоа е видно во фактурата кога е платена и во измената на финансискиот план за сопствената сметка. На седница на У.О било предложено од страна на директорката да се направи промена на финансики план и контото го предвидела и не разбира каде е проблемот и повторно ја чита точката од Барањето на мислење и прашува од каде им е таа информација? Елена Мисајловска одговори дека веројатно и како директорката која ги дознава информациите. Директорката кажа дека треба да се приложи доказ дека не била внесена набавката во финансискиот план, а тој доказ го немаат затоа и овој наод им е неоснован. Адвокатот објасни дека У.О започнал постапка за разрешување на директор, а за истото не даваат докази, а даваат претпоставки, а за претставниците на МТСП потребни се докази. Елена Мисајловска кажа дека тие немаат увид во документацијата на градинката, не ги знаат фактурите, на кое директорката кажа дека сите финансиски планови поминуваат преку У.О. Драгица Митревска објасни дека на нив како претставници за да дадат мислење им се потребни докази, документи и таа вечер кога се разгледувале сите фактури седеле 9 часа и се зборува за разрешување и за постапка која може да биде судска постапка. Љубица Панова кажа дека тоа што тие разгледувале 9 часа, фактура по фактура е работа на ревизорот. Доколку ревизорот си ја извршил својата работа, тие немало да потрошат 9 часа за разгледување на фактура по фактура се со цел да се утврди фактичката состојба. Ирена Тричковска кажа дека платените фактури и тие што има створено обврска да се платат сепак е надминато, на кое Љубица Панова посочи да и дадат одредба од законот каде го пишува и доколку е издржано ќе констатираат веднаш без дискусија се обрати до

членовите на У.О кој им кажува по телефон што да прават бидејќи се цело време со телефоните во раце. Ирена Тричковска објасни дека читала затоа и кажува. Адвокатот се наврати на седницата кога се разгледувале сите класери и тогашната претседателка на У.О рекла на претставниците на МТСП дека тие не се ревизори и неможе веќе да листаат по фактурите затоа што имала телефонски повик за да ја прекине седницата се со цел да не се утврди фактичката сосотојба дека не е надминат прагот од 12.000 евра. Елена Мисајловска кажа дека таа тогаш не била член на У.О. Адвокатот повторно побара докази за што и се става на товар на директорката.

Збор зема Драгица Митревска која напомена дека ќе почнат да се вртат во круг, за таа работа тие веќе 9 часа разгледувале 12 класери и за истото треба да бидат запознаени новите членови, само двајца присутни се стари членови од тој У.О и таа, а и Љубица Панова смета дека нема потреба повторно да ги вадат и да ги гледаат фактурите од 2021 година. Од нивна страна веќе имало мислење и сега повторно се повикувани за истата работа и се сведува на тоа дека повторно нема докази. Тие веќе еднаш се потпишале на извештај и стојат зад тоа и не го менуваат мислењето во кое беше констатирано дека не е постапено спротивно на закон. Врз основа на излагањето меѓусебно кое што го имале има одлука од страна на градоначалникот на општината кој се изјаснил за истата работа и сега У.О треба да му предложи да одлучи поинаку. Напомена дека не само во правото каде што се вика не суди два пати туку и како луѓе треба да се покаже конзинстентност и дека ако еднаш градоначалникот ја донел одлуката како очекуваат да носи други одлуки за истата работа и смета дека глупаво би било да му предлагаат членовите на У.О такво нешто. Доколку тие сметаат дека директорката не работи како што треба, У.О треба да констатира и да достават докази, ама за друга работа, не за таа за која веќе градоначалникот донел одлука. За ова веќе тие се произнеле и затоа кога влегле на состанокот прво прашале дали се дискутира за иста работа и ако се дискутира за Добри Петров и за Чулева, таа работа е решена. Ако дискутираат за нешто друго да им се приложат докази и да дадат мислење. Во ситуацијата станува збор за истата работа и тие не можат да одат над градоначалникот. Тие остануваат на истото мислење кои го дале и лани, ја почитуваат одлуката која што ја донел градоначалникот и сметаат дека за иста работа не смеат ниту тие, ниту У.О да одлучуваат, затоа што не се сменети доказите согласно тоа што се информирани од У.О и не смеат ниту градоначалникот да го ставаат во ситуација да носи за иста работа две различни одлуки и тој би бил во една комплетно незавидна ситуација и таа не би му го направила тоа на градоначалникот ако биде на местото на членовите на У.О.

Љубица Панова посочи дека има исто мислење како Драгица Митревска.

Претставниците на МТСП сметаат дека веќе е илузорно да присуствуваат на седницата, бидејќи го дале своето мислењето за точка два. Ирена Тричковска

замоли да останат и за точка Разно, но тие образложија дека имаат овластување само за точка два.

Адвокатот посочи дека ако имаат дополнителни обвиненија ќе стане збор за нова постапка, треба да побараат да се произнесе директорката во рок од 7 работни дена, па пак да се свикуваат претставници од МТСП и неможе сега без право на изнесување да ставаат нова точка за одлучување.

Драгица Митревска посочи дека ако има нешто ново, нови докази, нова постапка, повторно ќе бидат повикани, а може и други претставници ќе има и не се чувствува овластена да присуствува на точка разно. Таа смета дека работата е веќе завршена и за иста работа не може два пати различни мислења да дава, а за истата работа има Одлука од градоначалникот дека директорката ја враќа на работа.

Љубица Панова посочи дека ревизијата на Т.П Чулева е истата на Добри Петров, Драгица Митревска посочи дека од страна на Министерство за финансии си има ревизорски извештај за супервизија дека извештајот не е во ред. Доколку сакаат може да се повика Државен завод за ревизија кој е надлежен за вршење контрола на јавни набавки и да се види дали е во ред или не. Ако дојде до тоа, тоа се други докази, други дневни редови и дискусии.

Адвокатот повторно кажа дека согласно член 125 став 1 за било какви забелешки треба писмено да се обратат до директор, да се изјасни директор во рок од 7 работни дена па после ќе се прави муабет.

Драгица Митревска не била запознаена дека две недели имало назначен друг директор и се отвори дискусија дека директорката имала прекин на работниот однос кој го посочи адвокатката.

Елена Мисајловска зема збор која им се обрати на претставниците и им кажа дека сакале да присуствуваат на таа точка бидејќи имало поплаки од вработените дека постојано работат под притисок и за избор на член на У.О дека биле повикувани кај директорката во канцеларија и директно биле прашувани дали сакаат да бидат членови на У.О. Ирена Тричковска посочи дека имале и писмо од вработена. Драгица Митревска посочи дека сето тоа е нова постапка и за тоа треба докази, вработениот да даде изјава и во овој момент џабе тие би дискутирале. Елена Мисајловска посочи дека тие не се тука за да прават политички атак, туку се за доброто на градинката и конкретно таа има дете во градинката. Драгица Митревска посочи дека секој збор кој што го кажува запазува да биде во процедура и да биде по некакви рамки и за точка три немаат овластување. Елена Мисајловска посочи дека може вработените помошта ја гледаат во У.О и тие како претставници од МТСП. Адвокатот побара да напишат написмено, а тие ќе ја известат цела јавност У.О зошто не одлучува за реновирање, за обезбедување на топла градинка.

Адвокатката посочи дека за било кое друго произнесување бараат на писмено, точката не е на дневен ред и нема да се дискутира по неа, за било каква забелешка спрема директорот да се постапува согласно член 125 од Закон за заштита на децата и за истото има постапка која таа не ја измислила и Собрание е тоа кое ги носи законите.

Адвокатот ја напушти седницата.

Директорката посочи дека кој што си прави тука, секој си одговара и дека У.О не го изгласал вишокот на средства од 1.000.000,00 денари за што биле запознаени дека средствата биле наменети за прозорци во Калинка. На ова Елена Мисајловска посочи дека кажале дека ќе биде разгледана таа точка и тоа може да биде и утре. Ирена Тричковска посочи дека на две недели се менува финансиски планови, а директорката и ѝ одговори дека тоа било во зависност како пристигнувале средства и што е приоритет и ѝ упати прашање дали таа има работно искуство со буџети затоа што ако би имала би знаела како се менуваат финансиски планови. Елена Мисајловска праша зошто пред неколку седници кога ја повикале сметководителката Оливера и ја прашале за пренамена на средствата за хортикултурно уредување и таа кажала дека може да се пренаменат средствата и дале препорака на директорката веднаш да се набават столчиња за учителките, бидејќи седат на детски столчиња. Директорката праша по кој закон бараат пренамена 200.000,00 денари кои се останати од склучен договор за јавна набавка за хортикултурно уредување кој трае до крајот на годината и ако сметководителката Оливера им кажала така, таа на писмено и членовите на У.О написмено да се изјаснат дека може тие средства да се пренаменат, и покрај тоа што е гласан финансиски извештај и склучен договор за јавна набавка. Додаде дека тие немаат право на тоа и дека доколку би постапила по нивните насоки таа би го прекршила законот. Што се однесува до масичките и столчињата на вработените таа ја увидела таа потреба и доколку се обезбедат финансиски средства истата ќе ја реализира.

Ирена Тричковска постави прашање до директорката дали сега се перат униформите на вработените од кујните во пералната и на истото и беше одговорено позитивно. Исто така постави прашање дали се набавени маици за вработените во кујните? Директорката одговори дека не е набавено и дека ги известила дека градинката има финансиски проблеми како што е целата глобална економска криза. Ирена Тричковска посочи дека може да се купуваат прозорци, а не може 3 маички за вработените, на што директорката посочи дека униформи на сите вработени има обезбедено и зошто не ги прозиваат другите директорки зошто не им набавиле на вработените униформи години уназад. Ирена Тричковска и посочи на директорката дека забелешката која ја имал У.О за пренамена на средствата за купување на столчиња не ја исполнила, на кое директорката кажа дека не ја исполнила додека не се обезбедат финансиски средства.

Директорката зема збор за Одлуката за ослободување од плаќање на партиципација и истата е на дневен ред на Совет на општината и таа се има обратено до градоначалникот и до претседателот на советот со барање кој ќе ги рефундира средствата назад. Ако општината ги рефундира и во текот на годината како ќе има средства ако има можност, не само маички туку целосни униформи ќе набави за во кујна. Директорката посочи да се испита вработените колку години наназад немале униформи и на следниот состанок да даде информација на членовите на У.О. Во врска со вршење на мобинг директорката посочи дека ако со некого на само разговарала во канцеларија и потоа тој кажува дека врз него вршела притисок, тоа е тешко за докажување, ама затоа и се заблагодарила на Билјана Лотеска за во иднина кога ќе вика некој вработен на состанок да викне уште еден, за да тој вработен неможе да изнесува погрешни информации. Ако таа на некој вработен му бара нешто, му го бара согласно со Закон и работните задачи, а од главниот готвач тоа што го барала, го барала како главен готвач кој е одговорен за кујната, ништо не барала надвор од работните обврски. Во врска со забелешката на У.О дека директорката вршела притисок, директорката кажа дека станувало збор за две вработени на кои им соопштила дека Марјан Богојевски си поднел оставка и дека правото да некој биде член на У.О го дава на сите од тој совет кој се состои од стручната служба и раководителката. Сите уредно ќе бидат поканети, со закажан состанок и согласно со закон таа го води тој состанок. Каде има мобинг со поставување на прашање кон вработени дали тие би сакале да бидат член на У.О бидејќи тие тоа право го имаат. Ќе се закаже состанок на Стручен совет за кој состанок ќе се води записник и на тој состанок секој од членовите на Стручниот совет има право да се пријави за член на У.О. Директорката во врска со заплашување на вработени ја спомена и петицијата за таа да не се врати на работа која се правела против неа со притисок вработен на вработен и посочи дека тоа е мобинг, а не кога директор ќе издаде наредба за нешто што е во работни задачи. Да се разграничат овие две работи и да престанат да ја клеветат. Елена Мисајловска постави прашање кој може да биде член на Стручниот совет и директорот одговори дека стручните и раководителката можат, а за други да бидат треба таа да им даде посебно овластување. Елена Мисајловска посочи дека нареден пат кога ќе и се обратат за вршење притисок вработените ќе побара да и се обратат писмено.

Се отвори дискусија во врска со мислењето на МТСП и дали го прифаќаат или не, дали тие како У.О треба да го известат градоначалникот. Тие констатираа дека МТСП усно даде Мислење на седницата, за разлика од минатиот пат кога тоа го направија писмено.

Ирена Тричковска кажа дека тие не дискутираат за мислење на МТСП и истото не го гласаат и според член 125 треба да испратат барање до градоначалник на Општина Гази Баба за промена односно да си назначи в.д директор и тој си одлучува.

Александра Ѓ.М зема збор дека за се треба да имаат факти и докази и дека уште минатиот пат се изјаснила и прашува што сега ќе му се испрати на градоначалникот поради што ќе бараат промена на директор кога веќе еднаш е донесена одлука за враќање на функција на директорот.

Елена Мисајловска кажа дека е неопходно да се извести градоначалникот на општина Гази Баба да се произнесе во врска со разрешување на директорката според член 125 став 4 од Законот за заштита на децата.

Со 4 гласа ЗА ( Елена Мисајловска, Ирена Тричковска, Марија Бошковска и Марија Лефковска) и 1 ПРОТИВ (Александра Ѓеорѓиевска Миќуновиќ) се изгласа да се испрати Барање за разрешување на директор Анета Петровска до градоначалник на Општина Гази Баба.

Откако се исцрпија точките од дневен ред, седницата заврши во 12:30 часот

Записничар

Претседател на Управен одбор

Елена Мисајловска

___________________ ________________________